**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Република Македонија**

**З А П И С Н И К бр.3**
**од**
**Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и ФЕНИ Индустри**

Трет состанок , 12.11.2007 год. простории во МЖСПП, почеток 12 ч.

## Присутни:

**Тим за преговарање на МЖСПП:**
- Миле Јакимовски, директор на Управа за животна средина
- Орхидеја Нечева Петрова, директор на Државен инспекторат за животна средина
- Ана Каранфилова-Мазнева, раководител на Сектор за животна средина
- Назим Алити, раководител на одделение за интегрирано спречување и контрола на загадувањето
- Драгана Черепналковска, раководител на одделение за усогласување на правото на ЕУ и преговарање
- Алмина Хаџија, самостоен референт во Сектор за просторно планирање-записничар,

**Тим за преговарање на ФЕНИ-Индустри:**
- Оливиер Десаведави, директор на Сектор за животна средина-претседател на тимот
- Борис Ристов, заменик директор на Сектор за животна средина-заменик претседател на тимот
- Орданчо Ристов, раководител за оддел за истражување во Сектор за животна средина
- Цветко Стојанов, технолог во Сектор за животна средина

На почетокот на Третиот состанок на тимовите за преговарање се усвои Записникот од Вториот состанок кој се одржа на 05.11.2007 год, во просториите на МЖСПП.
Во продолжение на состанокот, Преговорачките тимови одлучија да уште еднаш ги разгледат сите Активности кои се предложени во Оперативниот план и во неговото дополнување.

**Активност бр. 1: Нов Електростатички фитлер за Систем Лепол решетка-Ротациона печка, Линија 2 ,**

Преговарачкиоте тимови постигнаа согласност : Да поради ниската концентрација на , $SO_2$,$NO_x$, CO, истите параметри да не се мерат често.
Да се мери само прашината на секои 1 месец до постигнување на задоволувачки вредности предвидени со МДК, а потоа на секои 3 месеци.

**Активност бр. 2: Електростатички филтер за Систем Лепол решетка-Ротациона печка, Линија1**

Оваа активност е поврзана со Активноста бр.8,но во моментот не дава резултати поради незавршување на Активноста од бр.8.

Во однос на

**Активност бр. 3: Стар Електростатички филтер за Систем Лепол решетка-Ротациона печка, Линија 2**

Од оваа Активност произлегува Активноста бр.9.
Се прифаќа предлогот на ФЕНИ Индустри да во случај на застој на новиот филтер,времетраењето да биде:
-санација 7дена, петпати годишно
-ремонт 30дена, еднаш годишно

Во однос на

**Активност бр. 4: Чистење на таложните базени од наслаги- талози**
**Активност бр. 5: Изградба на два таложни базени за емисиите во површинска вода.**
**Активност бр. 6: Санација на Путокс станицата (систем за прочистување на фекалната вода)**

Одлучено е да се разгледуваат и преиспитат уште еднаш во наредниот состанок кој ќе се одржи кон крајот на Декември 2007.

**Активност бр.7: Континуиран мониторниг на Нов електростатички филтер за Систем Лепол решетка- Ротациона печка, Линија 2**

Постигната е согласност да датата на започнување на реализација на оваа активност, биде 1 Јули 2011год, додека завршувањето активноста да биде - 31Декември 2011год.

**Активност бр.8:Поставување на нов Електростатски филтер за Систем Лепол решетка-ротациона печка, Линија 1**

Оваа активност е поврзана со активноста број 2, се прифаќа предлогот за започнување на реализацијата на активноста од 01.07.2010год, предвидена дата на завршување на активноста 31.12.2010 год.

**Активност бр.9: Втора санација на Електростатски филтер за Систем Лепол решетка-ротациона печка, Линија2**
Оваа активност произлегува од активноста бр.3.
Се прифати да предвидената дата на почеток на реализација на активноста биде 01.07.2008 год, додека дата на завршување на активноста 31.12. 2008 год.
Се прифаќа предлогот на ФЕНИ Индустри да во случај на застој на новиот филтер,времетраењето да биде:
-санација 7дена, петпати годишно
-ремонт 30дена, еднаш годишно

**Нова активност бр.10: Поставување на два инструменти за континуиран мониторниг на амбиентален воздух**
Постигнато е согласност да се започне со реализација на ативноста од 01.01.2008год, додека завршувањето на активноста 30.06.2008 год, исто така е договорено да се извршат контиунирани мерења на прашината.

Се задолжува Фени индустри редовно да доставува Извештај од извршени мерења од Мониторингот што го врши било која консултантска куќа .
Тој извештај по службен пат треба да се достави до Државниот Инспекторат за животна средина при МЖСПП .

Преговарачкиот тим на МЖСПП предложи, да за идниот состанок кој ќе се одржи на почетокот на декември 2007 да се дискутира за депонијата и отпадот,додека отпадните води да се разгледаат и дискутираат кон крајот на 2007 год.

Состанокот заврши во 14:00 часот.

**Идниот состанок се закажува за 03.12. 2007 год. Во 12 часот.**

Записничар:
Алмина Хаџија